**ОТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД**
**ЕТИКС АКЦИИ**

**Финансиски извештаи**
**и Извештај на независните ревизори**
**за годината што завршува на**
**31 декември 2025**

**СОДРЖИНА:**


| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независните ревизори | 1 – 3 |
| Биланс на состојба или извештај за нето имотот на инвестицискиот фонд | 4 |
| Биланс на успех или извештај за добивката или загубата на фондот | 5 |
| Извештај за промени на нето – имотот | 6 |
| Извештај за паричните текови | 7 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 8 – 27 |
| Прилози | |
| Додаток – Извештај за работа на Етикс Акции во 2025 година | |

ул. Даме Груев бр. 7
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 (0) 2 3166 144
Факс: + 389 (0) 2 3166 156
www.forvismazars.com

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

**До сопствениците на удели на ОТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД ЕТИКС АКЦИИ**

Извештај за ревизијата на финансиските извештаи

*Мислење*

Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи на ОТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД ЕТИКС АКЦИИ („Фондот“), кои се состојат од биланс на состојба или извештај за нето имотот на инвестицискиот фонд на ден 31 декември 2025 година и биланс на успех или извештај за добивката или загубата на фондот, извештај за промени на нето – имотот и извештај за паричните текови за годината што завршува на 31 декември 2025 година и белешките кон финансиските извештаи, вклучувајќи и информации за материјалните сметководствени политики.

Според нашето мислење, придружните финансиски извештаи на Фондот на 31 декември 2025 година и за годината што тогаш завршува, се подготвени во сите материјални аспекти, во согласност со регулативата на Комисијата за хартии од вредност и со сметководствените стандарди што се во примена во Република Северна Македонија.

*Основа за мислење*

Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија („МСР“). Нашите одговорности според наведените стандарди се опишани во делот Одговорности на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи од овој извештај. Ние сме независни од Фондот во согласност со Меѓународниот кодекс за етика на професионални сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност) („Кодексот на ОМСЕС“) на Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководители кои се во примена во Република Северна Македонија заедно со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на финансиските извештаи во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС што е во примена во Република Северна Македонија. Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме собрано се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење.

*Други информации*

Раководството е одговорно за другите информации. Другите информации се состојат од Извештај за работа на Фондот (додаток кон финансиските извештаи), подготвени од страна на раководството во согласност со во согласност со Законот за инвестициски фондови, но тие не ги вклучуваат финансиските извештаи и нашиот ревизорски извештај.

Нашето мислење за финансиските извештаи не се однесува на другите информации и ние не изразуваме каква било форма на уверување за нив, освен и во обем кој е експлицитно наведен во Извештајот за други правни и регулаторни барања.

Во врска со нашата ревизија на финансиските извештаи, наша одговорност е да ги прочитаме другите информации и притоа да разгледаме дали другите информации се материјално неконзистентни со финансиските извештаи или нашето разбирање, стекнато во ревизијата или поинаку, произлегува дека е материјално погрешно. Доколку, врз основа на нашата извршена работа, ние заклучиме дека постои материјално погрешно прикажување на овие други информации, ние треба да известиме за овој факт. Ние немаме што да известиме во однос на ова прашање.

*(продолжува)*

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

**До сопствениците на удели на ОТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД ЕТИКС АКЦИИ (продолжение)**

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи во согласност со со регулативата на Комисијата за хартии од вредност и сметководствените стандарди што се во примена во Република Северна Македонија, како и за интерната контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвувањето на финансиските извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

При подготвувањето на финансиските извештаи, раководството е одговорно да ја процени способноста на Фондот да продолжи да работи согласно претпоставката за континуитет, како и, кога е применливо, да ги обелодени прашањата поврзани со континуитетот и да ја примени сметководствената основа на континуитет, освен во случаи кога раководството има намера да го ликвидира Фондот или да го прекине неговото работење, или кога не постои друга реална алтернатива освен тоа.

*Одговорност на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи*

Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи како целина се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка и да издадеме ревизорски извештај што го вклучува нашето мислење. Разумно уверување е високо ниво на уверување, но не претставува гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со МСР секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога тоа постои. Погрешните прикажувања може да произлезат како резултат на измама или грешка и се смета дека се материјални доколку, поединечно или во вкупен износ, разумно би се очекувало да влијаат на деловните одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Како дел од ревизијата спроведена во согласност со МСР, применуваме професионално расудување и одржуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Исто така:

- Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка, дизајнираме и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на тие ризици и собираме ревизорски докази кои се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење. Ризикот од неоткривање на материјално погрешно прикажување кое произлегува од измама е повисок од ризикот од неоткривање на материјално погрешно прикажување кое произлегува од грешка, бидејќи измамата може да вклучи заговор, фалсификување, намерни пропусти, лажно прикажување или заобиколување на интерните контроли.
- Стекнуваме разбирање за интерните контроли кои се значајни за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите.
- Ја оценуваме соодветноста на применетите сметководствени политики и разумноста на сметководствените проценки и поврзаните обелоденувања подготвени од страна на раководството.
- Донесуваме заклучок за соодветноста на примената на претпоставката за континуитет како сметководствена основа од страна на раководството и, врз основа на собраните ревизорски докази, дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или услови кои може да предизвикаат значителен сомнеж во способноста на Фондот да продолжи да работи согласно претпоставката за континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, должни сме во нашиот ревизорски извештај да обрнеме внимание на поврзаните обелоденувања во финансиските извештаи или, доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модифицираме нашето мислење. Нашите заклучоци се засноваат на ревизорските докази собрани до датумот на нашиот ревизорски извештај. Меѓутоа, идни настани или услови може да доведат до тоа Фондот да престане да работи согласно претпоставката за континуитет.
- Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на финансиските извештаи, вклучително и обелоденувањата, како и дали финансиските извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин со кој се постигнува објективна презентација.

Го известивме раководството, меѓу другото, за планираниот обем и временскиот распоред на ревизијата, како и за значајните наоди од ревизијата, вклучително и за евентуалните значајни недостатоци на интерната контрола што ги идентификувавме во текот на ревизијата.

*(продолжува)*

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ**

**До сопствениците на удели на ОТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД ЕТИКС АКЦИИ (продолжение)**

Извештај за други правни и регулативни барања

Како што е наведено погоре во делот Други информации, раководството на Фондот е одговорно за подготвување на Извештајот за работа на Фондот за 2025 година во согласност со Законот за инвестициски фондови. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на Извештајот за работа, со историските финансиски информации објавени во ревидираните финансиски извештаи на Фондот со состојба на 31 декември 2025 и за годината што тогаш завршува, во согласност со МСР, како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за ревизија.

Нашето мислење е дека, историските финансиски информации објавени во Извештајот за работа за работењето на Фондот со состојба на 31 декември 2025 и за годината што тогаш завршува, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во ревидираните финансиски извештаи на Фондот со состојба на 31 декември 2025 и за годината што тогаш завршува.

ФОРВИС МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Јане Иванов
Управител

Јане Иванов
Овластен ревизор

ул. Даме Груев бр. 7, 1000, Скопје

26 март 2026 година

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА ИЛИ ИЗВЕШТАЈ ЗА НЕТО ИМОТОТ НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД**
**На ден 31 декември 2025 година**
**(Во денари)**

| | Белешка | 31 декември 2025 | 31 декември 2024 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Финансиски средства** | | | |
| *Вложувања во хартии од вредност и депозити* | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 7 | 3,444,008 | 1,966,040 |
| Финансиски средства по објективна вредност преку добивка или загуба | 8 | 87,222,731 | 38,838,482 |
| Вкупно вложувања во хартии од вредност и депозити | | 90,666,739 | 40,804,522 |
| **Останати средства** | | | |
| Побарувања по основ на дивиденди, парични депозити и отплата на обврзници | 9 | 52,142 | 18,567 |
| **Вкупно средства** | | 90,718,881 | 40,823,089 |
| **ОБВРСКИ** | | | |
| **Останати обврски** | | | |
| Обврски по основ на вложувања во хартии од вредност и останати обврски | | - | 368,609 |
| Обврски кон друштвото за управување со фондови | 10 | 259,260 | 460,652 |
| Обврски кон депозитарната банка | | 15,946 | 6,242 |
| Обврски по основ на дозволени трошоци на фондот | | 74,386 | 54,300 |
| **Вкупно обврски** | | 349,591 | 889,803 |
| **Нето имот на Фондот** | | 90,369,289 | 39,933,286 |
| Број на издадени удели | | 865,916.5393 | 391,150.3061 |
| Нето имот по удел | | 104.3626 | 102.0919 |
| Издадени удели на Фондот | | 95,061,235 | 39,511,545 |
| Повлечени удели на Фондот | | (7,125,564) | - |
| Добивка од тековниот период | | 2,011,877 | 421,741 |
| Задржана добивка од претходните периоди | | 421,741 | - |
| **Вкупно обврски спрема изворите на средства** | | 90,369,289 | 39,933,286 |
| **Вкупно обврски и нето имот на Фондот** | | 90,718,881 | 40,823,089 |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи

Овие финансиски извештаи се прифатени и одобрени од страна на Одборот на директори на ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД, Скопје на 12 март 2026 година.

Одобрено од:

Петар Андреевски
Главен извршен директор:

ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје

## БИЛАНС НА УСПЕХ ИЛИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИВКАТА ИЛИ ЗАГУБАТА НА ФОНДОТ
**За годината што завршува на 31 декември 2025 година**
**(Во денари)**

| | Белешка | 31 декември 2025 | 31 декември 2024 |
|---|---|---|---|
| **Приходи од вложувања** | | | |
| Реализирани добивки од продажба на финансиски инструменти | | 981,519 | 13,923 |
| Позитивни курсни разлики од монетарни финансиски инструменти (со исклучок на хартии од вредност) | 12 | 303,640 | 42,006 |
| Приходи од дивиденди | 11 | 1,018,521 | 77,334 |
| Останати приходи | | 2,585 | 1,056,334 |
| **Вкупно приходи од вложувања** | | 2,306,265 | 1,189,597 |
| **Расходи** | | | |
| Реализирани загуби од продажба на финансиски инструменти | | (230,299) | (56,026) |
| Негативни курсни разлики од монетарни финансиски инструменти (со исклучок на хартии од вредност) | 12 | (687,129) | (65,078) |
| Расходи по основ на односи со друштвото за управување | 13 | (1,559,870) | (170,612) |
| Надоместок на депозитарната банка | 14 | (323,643) | (92,719) |
| Трансакциски трошоци | | (82,439) | (103,334) |
| Останати дозволени трошоци на Фондот | 15 | (437,552) | (1,133,904) |
| **Вкупно расходи** | | (3,320,932) | 1,621,673 |
| **Нето загуба од вложувања во хартии од вредност** | | (1,014,667) | (432,076) |
| **Нереализирани добивки / (загуби) од вложувања во хартии од вредност** | | | |
| Нереализирани добивки / (загуби) на вложувањата во финансиски инструменти | 16 | 9,532,960 | (286,581) |
| Нето курсни разлики од вложувања во хартии од вредност | 17 | (6,506,416) | 1,140,398 |
| **Вкупно нереализирани добивки од вложувања во хартии од вредност и деривативни инструменти** | | 3,026,544 | 853,817 |
| **Нето зголемување на нето имотот од работењето на Фондот** | | 2,011,877 | 421,741 |

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ НА НЕТО – ИМОТОТ**
**За годината што завршува на 31 декември 2025 година**

**(Во денари)**

| | 31 декември 2025 | 31 декември 2024 |
|---|---|---|
| **Зголемување / (намалување) на нето-имотот од работењето на Фондот** | | |
| Нето добивка / (загуба) од вложувања во хартии од вредност | (1,014,668) | (432,076) |
| Вкупно нереализирани добивки / (загуби) од вложувања во хартии од вредност и деривативни инструменти | 3,026,545 | 853,817 |
| **Зголемување / (намалување) на нето-имотот од работењето на Фондот** | 2,011,877 | 421,741 |
| Приливи од продажба на издадени документи за удел / акции на Фондот | 55,549,690 | 39,511,545 |
| Одливи од повлекување на удели / акции на Фондот | (7,125,563) | - |
| **Вкупно зголемување / (намалување) од трансакции со акции / удели на Фондот** | 48,424,127 | 39,511,545 |
| **Вкупно зголемување / (намалување) на нето-имотот** | 50,436,004 | 39,933,286 |
| **Нето-имот** | | |
| На почетокот на периодот | 39,933,286 | - |
| На крајот на периодот | 90,369,290 | 39,933,286 |
| **Број на издадени / (повлечени) удели на Фондот** | | |
| Издадени удели / акции на Фондот во периодот | 938,557.5513 | 391,150.3061 |
| Повлечени удели / акции во Фондот во периодот | (72,641.0120) | - |
| **Број на удели / акции на Фондот** | 865,916.5393 | 391,150.3061 |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2025 година**
**(Во денари)**

| | Белешка | 31 декември 2025 | 31 декември 2024 |
|---|---|---|---|
| **Парични текови од редовно работење** | | | |
| Добивка или загуба | | 2,011,877 | 421,741 |
| **Усогласувања за:** | | | |
| Нереализирани позитивни и негативни курсни разлики | | (6,506,416) | 1,140,398 |
| Приходи од дивиденда | | (1,029,971) | (78,648) |
| Зголемување (намалување) на вложувањата во преносливи хартии од вредност | | (41,877,833) | (39,978,880) |
| Приливи од дивиденда | | 996,397 | 60,081 |
| Зголемување (намалување) на обврските по основ вложувања во финансиски инструменти | | (368.609) | 368,609 |
| Зголемување (намалување) на обврските спрема друштвото за управување и депозитарната банка | | (191,690) | 466,895 |
| Зголемување (намалување) на останатите обврски од редовното работење | | 20,087 | 54,301 |
| **Паричен тек од редовното работење** | | (46,946,158) | (37,545,503) |
| **Парични текови од финансиски активности** | | | |
| Приливи од издавање на удели | | 55,549,690 | 39,511,545 |
| Одливи од откуп на удели | | (7,125,563) | |
| **Паричен тек од финансиски активности** | | 48,424,127 | 39,511,545 |
| **Нето зголемување / (намалување) на пари** | | 1,477,968 | 1,966,040 |
| Пари на почеток на периодот | | 1,966,040 | - |
| **Пари на крај на периодот** | 7 | 3,444,008 | 1,966,040 |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2025**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ФОНДОТ

Отворен инвестициски фонд ВФП ЕТИКС АКЦИИ (“Фондот”) е отворен инвестициски фонд основан со Решение број УП 1 08 – 52 од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на 22 јули 2024 година, во согласност со Законот за инвестициските фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/09, 67/10, 24/11, 188/13, 145/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20, 150/21 и 288/21), од страна на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје (во понатамошниот текст „Друштвото за управување со Фондот“).

Фондот е организиран како отворен инвестициски фонд, кој претставува посебен имот без својство на правно лице, и чии сопственици на удели имаат право на сразмерен дел од добивката на Фондот и во секое време имаат право да побараат исплата на уделите со што истапуваат од Фондот.

Со Фондот управува Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД, Скопје (“Друштвото за управување со Фондот”), врз основа на Решение на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија од 22 јули 2024 година, а во согласност со Проспектот и Статутот на Фондот.Фондот е основан на неопределено време.

Средствата на Фондот се во потполност одвоени од средствата на Друштвото за управување со Фондот и не можат да бидат предмет на побарувања, ниту врз нив може да биде спроведено извршување од страна или за сметка на доверител на Друштвото за управување со Фондот.

Депозитарна банка на Фондот е Комерцијална банка АД, Скопје. Депозитарната банка осигурува дека приходите на Фондот се користат во согласност со Законот, Проспектот и Статутот на Фондот и дека трошоците кои ги плаќа Фондот се во согласност со Законот, Проспектот и Статутот на Фондот.

Средствата на Фондот се инвестираат во согласност со Проспектот на фондот донесен од страна на Одборот на директори на Друштвото за управување со Фондот на 09 јули 2024 година, Дел од средствата на Фондот можат да бидат инвестирани и во парични средства на овластени банки во Република Северна Македонија. Друштвото за управување со Фондот ги инвестира средствата на Фондот во следниве видови финансиски инструменти:

- Парични средства (0%-15%)
- Акции на издавачи од земјата и странство без географски ограничувања (85%-100%)

Фондот може да инвестира во компании со над 2 милијарди евра пазарна капитализација од развиени држави, бирајќи компании со солидни фундаменти кои се во согласност со шеријатските етички принципи и држење на истите на долг временски период, чекајќи да испорачаат раст на добивките од своето делување.

Друштвото ќе води сметка ниту една компанија вклучена во портфолиото да нема сооднос помеѓу долгот и пазарната капитализација на компанијата повисок од 33% или поседува готовина и краткорочни финансиски инструменти кои изнесуваат повеќе од 33% од нивната пазарна капитализација. Овој строг финансиски критериум обезбедува усогласеност со шеријатските закони во врска со каматата и долгот.

Сопствениците на уделите ги имаат следниве права:

- Право на информираност;
- Право на дел од добивката на Фондот, при што сите сопственици на удели добиваат, односно имаат право на дел од добивката на Фондот, пропорционално на нивното учество во Фондот. Сопствениците на удели, правото на дел од добивката на Фондот можат да го остварат преку поднесување на Барање за делумен или целосен откуп на уделите во нивна сопственост од страна на Друштвото за управување со Фондот;
- Право на продажба на удели од Фондот, односно обврска за откуп на удели, при што Друштвото за управување со Фондот е должно да изврши откуп на уделите според цената што одговара на вредноста на уделот утврдена првиот нареден ден на процена по поднесувањето на барањето за откуп на удели. Средствата од откупот на уделите се исплаќаат на сметката на сопственикот на откупените удели;
- Право на исплата на дел од ликвидационата маса на Фондот, во случај на негова ликвидација.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2025**

## 2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Фондот ја води својата сметководствена евиденција и ги подготвува своите законски финансиски извештаи во согласност со Законот за инвестициските фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/09, 67/10, 24/11, 188/13, 145/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20, 150/21 и 288/21), Правилникот за задолжителна содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работењето од страна на инвестициските фондови, друштвата за управување и депозитарната банка („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 148/2022 и 21/2025) и Правилник за сметковниот план, содржината на одделните сметки во сметковниот план на отворените фондови, („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 265/24). Состојбата и промените на состојбата на средствата, обврските и капиталот, како и приходите и расходите, и утврдувањето на финансискиот резултат од работењето се евидентираат во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди (“МСС”) и Меѓународните стандарди за финансиско известување (“МСФИ”), преведени и објавени во Република Северна Македонија.

Дополнително утврдувањето на вредноста на средствата и обврските на Фондот се вршат во согласност со Правилникот за утврдување на нето вредноста на имотот на отворен и затворен инвестициски фонд и за пресметување на цената по удел или по акции на инвестицискиот фонд (Службен весник на РСМ бр. 148/2022).

Фондот ги примени сите релевантни стандарди, измени и толкувања кои беа објавени во Службен весник бр. 75/2024 и бр. 274/2024. Меѓутоа, бидејќи МСФИ 9 и МСФИ 17 не се во примена за периоди што започнуваат на или по 1 јануари 2025 година, финансиските извештаи на Фондот се подготвени во согласност со сметководствените стандарди што се применуваат во Република Северна Македонија, како што е објавено во Правилникот за сметковниот план, содржината на одделните сметки во сметковниот план на отворените фондови. Притоа, бидејќи МСФИ 1 не беше применлив, Фондот ги примени специфичните преодни одредби за сите важечки сметководствени стандарди како што е објаснето подолу.

Финансиските извештаи на Фондот се подготвени во согласност со сметководствените политики образложени во белешката 3 кон финансиските извештаи.

Функционалната валута на Фондот е македонски денар (“Денар”). Сите износи во финансиските извештаи и соодветните белешки се прикажани во денари, освен доколку не е наведено поинаку.

### 2.1 Преод кон ажурираните Меѓународни стандарди за финансиско известување

Со примена од 1 јануари 2025 година, Фондот изврши преод кон примената на ажурираните Меѓународни стандарди за финансиско известување, усвоени во Република Северна Македонија согласно Правилникот за водење сметководство (“Службен весник” бр. 75/2024).

Преодот кон ажурираните МСФИ не претставува прва примена на МСФИ, туку преод помеѓу различни верзии на МСФИ. Согласно тоа, Фондот ги применуваше преодните одредби утврдени во поединечните стандарди, без примена на МСФИ 1 – Прва примена на МСФИ.

Ефектите од примената на новите и изменетите стандарди, доколку ги има, се признаени во почетните салда на средствата, обврските и главнината на 1 јануари 2025 година, во согласност со релевантните преодни одредби на поединечните стандарди.

## 3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 3.1. Парични средства

Паричните средства вклучуваат средства на сметката за уплатени удели и средства на сметката за инвестирање во домашна валута во банката чувар на имот.

### 3.2. Побарувања и обврски по основ на вложувања во хартии од вредност

Побарувањата и обврските по основ на вложувања во хартии од вредност се однесуваат на продавањето и купувањето на хартиите од вредност, и се признаваат како средства и обврски на датумот на тргување, а се подмируваат на датумот на плаќање. Вообичаено, датумот на плаќање е 2 работни дена од датумот на тргување. Датумот на тргување е основ за пренос на сопственоста на хартиите од вредност.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2025**

## 3 ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 3.3. Финансиски средства

#### 3.3.1. Класификација на вложувањата

Фондот ги класифицира вложувањата во следниве категории:

Парични средства
Акции на издавачи од земјата и странство без ограничувања

## 3 ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

### 3.3 Финансиски средства (продолжение)

#### 3.3.2. Мерење на вложувањата

*Почетно мерење на вложувањата*

Финансиските средства во кои се инвестирани средствата на Фондот почетно се признаваат според трошокот за набавка, кој што е објективната вредност на дадениот надоместок за истите. Брокерските провизии при набавката на финансиските средства претставуваат составен дел на финансиското средство, со исклучок на финансиските средства по објективна вредност преку добивка или загуба, при чија набавка овие провизии се евидентираат како расходи за периодот.

*Последователно мерење на вложувањата*

По почетното признавање, финансиските средства по објективна вредност преку добивка или загуба се мерат според нивната објективна вредност или според нивната амортизирана набавна вредност со примена на методот на ефективна каматна стапка, доколку со овие финансиски средства не се тргува активно на пазарите за хартии од вредност. Нереализираните и реализираните добивки и загуби од вложувањата во финансиски средства по објективна вредност преку добивка или загуба се признаваат како приходи и расходи за периодот.

Нереализираните добивки и загуби од финансиските средства преку останата сеопфатна добивка се евидентираат како ревалоризација во рамките на нето средствата на Фондот. Фондот нема вакви средства на 31 декември 2025 година.

По почетното признавање, финансиските средства по амортизирана набавна вредност се мерат според нивната амортизирана набавна вредност со примена на методот на ефективна каматна стапка. Нереализираните приходи од камата и амортизацијата на дисконтот/премијата се признаваат како приходи и расходи за периодот.

*Објективна вредност*

Објективната вредност е износот за кој средството може да биде разменето, или обврската подмирена, помеѓу запознаени, спремни, неповрзани странки.

Објективната вредност на финансиските средства со кои се тргува во Република Северна Македонија се добива преку утврдување на нивната пазарна вредност. Само пазарните цени кои се резултат од тргување на Македонската берза на хартии од вредност се користат за утврдување на објективната вредност на финансиските средства со кои се тргува во Република Северна Македонија.

Објективната вредност на финансиските средства со кои се тргува во земјите членки на Европската Унија, Јапонија и САД е еднаква на нивната пазарна вредност. При утврдување на објективната вредност на финансиските средства со кои се тргува во земјите членки на Европската Унија, Јапонија и САД се користат единствено пазарните цени кои се резултат на регулирани секундарни пазари.

*Амортизирана набавна вредност*

Амортизираната набавна вредност претставува вредност на сите идни парични текови дисконтирани со примена на ефективната каматна стапка. Ефективната каматна стапка е дисконтна стапка по која сегашната, дисконтираната вредност на сите идни парични текови се сведува на трошокот на набавка при почетното мерење, и претставува интерна стапка на принос на финансиското средство.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2025**

## 3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

### 3.3. Финансиски средства (продолжение)

#### 3.3.3 Повторно признавање на финансиските средства

Фондот повторно ги признава финансиските средства, или дел од финансиските средства, кога ја губи контролата над договорните права кои го сочинуваат финансиското средство. Фондот ја губи ваквата контрола доколку ги оствари правата на користите определени со договорот, доколку овие права истечат или доколку Фондот ги продаде овие права.

При продажба, финансиските средства повторно се признаваат со користење на методата на пондериран просек.

#### 3.3.4 Датум на тргување

Финансиските средства се признаваат како средства на датумот на тргување, односно на датумот кога Фондот се обврзал на нивно купување или продажба.

#### 3.3.5 Средства на Фондот и стратегија на вложување

Средствата на Фондот се инвестирани согласно Законот за инвестициски фондови, како и одредбите од Правилникот за дозволени вложувања, ограничувања на вложувањата и пречекорување на ограничувањата за вложување на имот на отворениот фонд (Службен весник на РСМ бр. 153/2009), кои се релевантни за планираната структура на портфолиото на Фондот, а со цел остварување на највисок принос во полза на сопствениците на уделите во Фондот врз основа на принципите на сигурност, диверзификација на ризикот од инвестирање и одржување на адекватна ликвидност.

Стратегијата согласно која се гради портфолиото на Фондот содржи високо ниво на ризик, кој е повисок од ризикот карактеристичен за паричните фондови или пак за фондовите кои инвестираат исклучиво во должнички хартии од вредност (обврзници), но во исто време е понизок од ризикот на оние фондови кои исклучиво инвестираат во акции од mid-cap, small- cap или start up компании.

Средствата на Фондот се инвестираат во согласност со Проспектот на фондот донесен од страна на Одборот на директори на Друштвото за управување со Фондот на 27 август 2025, Дел од средствата на Фондот можат да бидат инвестирани и во парични средства и депозити на овластени банки во Македонија. Друштвото за управување со Фондот ги инвестира средствата на Фондот во следниве видови финансиски инструменти:

- Парични средства (0%-15%)
- Акции на издавачи од земјата и странство без географски ограничувања (85%-100%)

Фондот ќе инвестира исклучиво во компании со над 2 милијарди евра пазарна капитализација од развиени држави, при тоа бирајќи компании со солидни фундаменти кои се во согласност со шеријатските етички принципи и држење на истите на долг временски период чекајќи да испорачаат раст на своите добивки од своето делување.

Нето вредноста на фондот може да биде инвестирана во депозити, односно должнички хартии од вредност на издавачи чие седиште, односно претежна дејност се врши на територијата на државите наведени во точка 3.

Инвестициската политика на Фондот може да биде сменета со одлука на Друштвото за управување со Фондот за измени и дополнувања на Проспектот на Фондот, за кои сопствениците на удели во Фондот ќе бидат известени, веднаш по нивното донесување, а пред поднесувањето на барање за одобрување на измените и дополнувањата односно пречистениот текст на Проспектот до Комисијата за хартии од вредност.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2025**

## 3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

### 3.4. Нето имот на Фондот

Нето вредноста на имотот на Фондот се утврдува како разлика помеѓу вредноста на имотот на Фондот (односно пазарната вредност на финансиските инструменти во кои се вложени средствата на Фондот) и вредноста на вкупните обврски на Фондот, и се пресметува согласно со Правилникот за утврдување на нето вредноста на имотот на отворен и затворен инвестициски фонд и за пресметување на нето вредноста по удел или по акции во инвестициски фонд донесен од страна на Комисијата (Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 111/2009).

### 3.5. Нето вредност на удел и број на удели

Нето вредноста на имотот на Фондот по удел е нето вредност на имотот на Фондот поделена со бројот на уделите на Фондот на денот на вреднување. Почетната нето вредност на Фондот по удел изнесуваше 100,0000 денари.

Ден на вреднување е денот за кој се пресметува нето вредноста на имотот на Фондот. Денот на вреднување (т-1) му претходи на денот на пресметка (т) во текот на кој што се пресметува нето вредноста на имотот на Фондот.

Вкупниот број на удели на Фондот на денот на вреднувањето се утврдува со намалување на бројот на удели од претходниот ден на вреднување кои Фондот ги повлекол за сметка на лицата кои на денот на вреднувањето поднеле барање за откуп на уделите во Фондот и со тоа престанале да бидат сопственици на уделите, а се зголемува за бројот на удели кои Фондот ги издал на лицата чии средства на денот на вреднувањето се евидентирани на сметката на Фондот со цел за купување на удели во Фондот.

Нето вредноста по удел и вкупниот број на удели на Фондот се пресметува и изразува во четири децимални места. Сите зголемувања и намалувања на бројот на удели во Фондот се пресметани и изразени во четири децимални места.

Нето вредноста на имотот на Фондот и нето вредноста на имотот по удел се пресметува секој работен ден до 16:00 часот за секој ден од годината.

### 3.6. Стапка на фондот

Просечната месечна стапка на принос се пресметува за 12 месеци, 2 години и 5 години, односно од датумот на основање на Фондот до датумот на известување.

При пресметката на просечната стапка на принос се употребуваат седмични приноси на Фондот.

Просечната месечна стапка на принос, заклучно со 31.12.2025 година, изнесува: +0,41% од основањето (29.08.2025 година)

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2025**

## 3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

### 3.7. Приходи од камати

Приходите од камати вклучуваат приходи од орочени средства во домашни банки и купонска камата на државните и корпоративните обврзници. Приходите по основ на камати се евидентирани со примена на методот на ефективна каматна стапка.

### 3.8. Надоместоци на Друштвото за управување со Фондот

Надоместокот кој се наплатува од Фондот е надоместокот за управување на Друштвото, а како основица се користи вкупната вредност на имотот на фондот намалена за износот на обврските на фондот врз основа на вложувањата во финансиски инструменти, на денот на вреднување на Фондот, по следната формула

Остварен годишен надомест за управување x 1 / 365

Друштвото наплатува надоместок за управување во висина од 2.00% годишно од вкупната вредност на имотот на фондот намалена за износот на обврските на фондот врз основа на вложувањата во финансиски инструменти и истиот во целост му припаѓа на Друштвото. Друштвото го наплатува надоместокот за управување еднаш месечно, како збир на сите дневни вредности на надоместок за месецот на кој што се однесува пресметката.

### 3.9. Надоместоци на депозитарната банка

Работите кои се дефинирани во Договорот за вршење на активности на депозитарна банка за инвестициски фондови. Надоместокот се плаќа на годишно ниво, а се пресметува како збир на вредноста на имотот на Фондот за денот кој претходни на денот на вреднување, помножен со следниве стапки:

- До 1,000,000,000.00 денари ,– 0.21%,
- Од 1,000,000,001.00 – 1,800,000,000.00 денари 0.19%
- Над 1,800,000,000 денари – 0.17%.

Процентот се искажува на годишно ниво со примена на пропорционална метода actual/actual, а наплатата на надоместокот се врши на месечна основа.

Исто така на товар на имотот на Фондот, Друштвото на депозитарната банка и плаќа за трошоците за суб-депозитарна банка.Износот на овие трошоци е еднаков на реално остварените трошоци
За асистирање на процесот на поврат на данок од странски хартии од вредност во сопственост на Фондот,Друштвото се обврзува на Банката да и исплаќа надоместок од средствата на фондот во висина од 1,000 денари по ИСИН+ ДДВ+реални трошоци.

### 3.10. Реализирани капитални добивки и загуби

Реализираните капитални добивки и загуби вклучуваат добивки и загуби по основ на продажба на хартии од вредност, нивелирање на цени при набавка на хартии од вредност и наплата на достасани главници и камати на хартии од вредност купени со премија или дисконт. Добивките и загубите по основ на продажба на хартии од вредност претставуваат разлика помеѓу продажната вредност и сметководствената вредност. Сметководствената вредност претставува вредност на хартиите од вредност утврдена на крајот од претходната година или нивната набавна вредност доколку хартиите од вредност се навени во тековната година. Реализираните капитални добивки и загуби се признаваат како приходи и расходи во моментот на нивното настанување.

### 3.11. Нереализирани добивки и загуби од вложувања во хартии од вредност

Нереализираните добивки и загуби од финансиски средства по објективна вредност преку добивка или загуба се признаваат како разлика помеѓу трошокот за набавка и нивната објективна вредност, односно амортизирана набавна вредност. При достасување на главницата, или нејзин дел, како и при продажба на хартиите од вредност, износот на нереализираните добивки и загуби се пренесува како реализирани капитални добивки и загуби за периодот.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2025**

## 3 ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

### 3.12. Амортизација на дисконтот/премијата на хартиите од вредност

Амортизацијата на дисконтот/премијата на хартиите од вредност кои достасуваат на фиксен датум, вклучуваат нереализирани приходи и расходи по основ на остварени дисконти и премии при купување на обврзници. Амортизацијата на дисконтот/премијата на хартиите од вредност се евидентирана врз основа на временско разграничување. Во моментот на достасување на главницата, или нејзин дел, како и при продажба на хартијата од вредност, износот на амортизацијата на дисконтот/премијата се пренесува како реализирана капитална добивка и загуба за периодот.

### 3.13. Курсни разлики

Трансакциите во странска валута се евидентираат според курсот кој важел на денот на трансакцијата. Монетарните средства и обврски се евидентираат според важечкиот курс на денот на извештајот за нето средствата на Фондот. Разликите се евидентираат во билансот на успех како позитивни/негативни курсни разлики.

### 3.14. Данок на добивка

Врз основа на Законот за Инвестициски фондови член 57, Фондот нема својство на правно лице и оттаму, во согласност со член 4 од Законот за данокот на добивка, не подлежи на оданочување.

### 3.15. Трансакции со поврзани страни

Во согласност со Законот за Инвестициски фондови, поврзани лица со инвестицискиот фонд се друштвото за управување со инвестициски фондови, депозитарната банка, адвокат, ревизор и даночен советник кои имаат договорен однос за давање на услуги на инвестицискиот фонд и друго лице кое склучило договор за давање на услуги за потребите на фондот.

Поврзани страни на Фондот се Друштвото за управување со Фондот – ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД; Скопје, како и депозитарната банка Комерцијална банка АД, Скопје и ревизорот на Фондот – ФОРВИС МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје.

## 4 ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПРОЦЕНКИ И ПРЕТПОСТАВКИ

Презентацијата на финансиските извештаи бара користење на најдобри можни процени и разумни претпоставки од страна на раководството на Друштвото за управување со Фондот, кои имаат ефекти на презентираните вредности на средствата и обврските и обелоденувања на потенцијалните побарувања и обврски на денот на составување на финансиските извештаи, како и на приходите и расходите настанати во периодот на известување. Овие проценки и претпоставки се засновани на информациите кои се расположливи на денот на составување на финансиските извештаи, а идните стварни резултати можат да се разликуваат од проценетите износи. Значајните проценки и претпоставки се како што следува:

*Објективна вредност*

Објективната вредност на финансиските инструменти кои не котираат на активните пазари се определува со користење на интерни техники за вреднување. Друштвото за управување со Фондот применува професионално расудување при изборот на соодветните техники за вреднување. Техниките кои се користени при вреднувањето на објективната вредност на финансиските инструменти се прикажани во Белешка 5.10.

*Обезвреднување на финансиските средства*

Обезвреднување на сомнителните побарувања се заснова врз проценетите загуби кои потекнуваат од неможноста на договорните страни да ги исполнат своите договорни обврски. Методите кои се користат при проценката на адекватноста на загубите поради оштетувањето на финансиските средства и историјата на отпис, кредитната способност, како и промените во услови за отплата. Проценките ги вклучуваат и претпоставките за идното однесување на договорните страни и идните готовински наплати. Доколку финансиската состојба на договорните страни се влоши, реалните отписи на сегашните финансиски срадства може да бидат поголеми од очекуваните, при што тие може да го надминат тековното ниво на евидентираните резервации за загуби поради оштетување.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2025**

## 5 ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

### 5.1 Значајни сметководствени политики поврзани со финансиските инструменти

Деталите поврзани со значајните сметководствени политики и методи, како и критериумите и основите за признавање на приходите и трошоците за сите класи на финансиските средства и финансиски обврски се обелоденети во Белешка 3 кон овие финансиски извештаи.

| | 31 декември 2025 | Во денари 31 декември 2024 |
|---|---|---|
| **Финансиски средства** | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 3,444,008 | 1,966,040 |
| Финансиски средства по објективна вредност преку добивка или загуба | 87,222,731 | 38,838,482 |
| Побарувања по основ на дивиденди, парични депозити и отплата на обврзници | 52,142 | 18,567 |
| | 90,718,881 | 40,823,089 |
| **Финансиски обврски** | | |
| Останати обврски | 349,591 | 889,803 |
| | 349,591 | 889,803 |

### 5.2 Цели на управување со финансиските ризици

Финансиските ризици го вклучуваат пазарниот ризик, валутниот ризик, каматниот ризик, кредитниот ризик и ликвидоносниот ризик, како и ризикот од промена на даночните прописи и политичкиот ризик. Финансиските ризици се следат на временска основа, и се избегнуваат првенствено преку намалувањето на изложеноста на Фондот на овие ризици. Друштвото за управување со Фондот не користи било какви специјални финансиски инструменти за да ги избегне овие ризици затоа што ваквите инструменти не се во широка употреба во Република Северна Македонија.

### 5.3 Пазарен ризик

Во текот на своето работење Фондот е изложен првенствено на финансиски ризик од промена на цените на финансиските инструменти на пазарите на капитал.

Нето вредноста на уделот во Фондот зависи од движењето на пазарните цени на финансиските инструменти на пазарите на капитал кои се составен дел на портфолиото на Фондот. Намалувањето на цената на хартиите од вредност може да доведе до намалување на вредноста на портфолиото на Фондот и на остварените приноси и обратно, зголемувањето на цената на некој од хартиите од вредност може да доведе до зголемување на вредноста на портфолиото на Фондот и на неговите приноси.

Раководството на Друштвото за управување со Фондот ги проценува пазарните ризици и максималните загуби кои можат да се очекуваат, а кои се базираат на претпоставки за различни промени на пазарните услови.

Со цел заштита од пазарниот ризик, Друштвото за управување со Фондот се залага за негово минимизирање преку диверзификација на портфолиото, согласно со принципот на дистрибуција на ризикот.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2025**

## 5. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)

### 5.4 Управување со валутниот ризик

Фондот е изложен на валутен ризик првенствено од Финансиските средства по објективна вредност преку добивка или загуба и парите и паричните еквиваленти, кои се деноминирани во странски валути. Друштвото за управување со Фондот не употребува посебни финансиски инструменти за намалувањето на овој ризик бидејќи таквите инструменти не се вообичаени во употреба во Република Северна Македонија.

Следната табела ја сумира нето валутната позиција на монетарните средства и обврски на Фондот на 31 декември 2025 година.

| | МКД | ЕУР | УСД | ЦХФ | Други | Во денари Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 2,988,622 | 10,371 | 444,741 | - | 275 | 3,444,008 |
| Финансиски средства по објективна вредност преку добивка или загуба | - | 11,653,858 | 69,187,847 | 5,387,508 | 993,518 | 87,222,731 |
| Побарувања по основ на дивиденди, парични депозити и отплата на обврзници | - | - | 52,142 | - | - | 52,142 |
| **Вкупно средства** | **2,988,622** | **11,664,229** | **69,684,730** | **5,387,508** | **993,793** | **90,718,881** |
| **ОБВРСКИ** | | | | | | |
| Останати обврски | 284,284 | 65,308 | - | - | - | 349,592 |
| **Вкупно обврски** | **284,284** | **65,308** | **-** | **-** | **-** | **349,592** |
| **Нето девизна позиција** | | | | | | |
| **31 декември 2025** | **2,704,338** | **11,598,921** | **69,684,730** | **5,387,508** | **993,793** | **90,369,289** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2025**

## 5 ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)

### 5.4 Управување со валутниот ризик (продолжение)

Следната табела ја сумира нето валутната позиција на монетарните средства и обврски на Фондот на 31 декември 2024 година.

| | МКД | ЕУР | УСД | ЦХФ | Други | Во денари Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 1,597,431 | 368,609 | - | - | - | 1,966,040 |
| Финансиски средства по објективна вредност преку добивка или загуба | - | 5,244,959 | 31,445,768 | 2,147,755 | - | 38,838,482 |
| Побарувања по основ на дивиденди, парични депозити и отплата на обврзници | - | - | 18,567 | - | - | 18,567 |
| **Вкупно средства** | 1,597,431 | 5,613,568 | 31,464,335 | 2,147,755 | - | 40,823,089 |
| **ОБВРСКИ** | | | | | | |
| Останати обврски | 470,400 | 419,404 | - | - | - | 889,804 |
| **Вкупно обврски** | **470,400** | **419,404** | **-** | **-** | **-** | **889,804** |
| **Нето девизна позиција** | | | | | | |
| **31 декември 2024** | **1,127,031** | **5,194,164** | **31,464,335** | **2,147,755** | **-** | **39,933,285** |

*Анализа на сензитивноста на странски валути*

Фондот е изложен на ЕУР, УСД и ЦХФ Следнава табела детално ја прикажува осетливоста на 10% зголемување и намалување на денарот во споредба со ЕУР Анализата на сензитивноста ги вклучува единствено монетарните ставки деноминирани во странска валута на крајот на периодот на известување, при што се врши корекција на нивната вредност при промена на курсот на странската валута за 10%. Позитивниот износ подолу означува зголемување на добивката или останатиот капитал, којшто се јавува во случај доколку денарот ја намали својата вредност во однос на странските валути за 10%. За зголемување на вредноста на денарот во однос на странските валути за 10%, ефектот врз добивката или останатиот капитал би бил еднаков, а износите прикажани подолу би биле негативни.

| | 31 декември 2025 | Во денари 31 декември 2024 |
|---|---|---|
| Добивка | 8,773,026 | 3,922,566 |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2025**

## 5. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)

### 5.5 Управување со каматниот ризик

Изложеноста на Фондот на ризик од промени на каматните стапки се однесува единствено на депозитите со променлива каматна стапка. Овој ризик зависи од финансиските пазари и Друштвото за управување со Фондот нема некои практични средства за намалување на истиот.

Табелата подолу ги сумира каматоносните и некаматоносните средства и обврски со состојба на 31 декември 2025 година.

Во денари

| | До 3 месеци | Од 3 до 12 месеци | Од 1 до 5 години | Над 5 години | Некама-тоносни | Фиксни каматни стапки | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | | | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | - | - | - | - | 3,444,008 | - | 3,444,008 |
| Финансиски средства по објективна вредност преку добивка или загуба | - | - | - | - | 87,222,731 | - | 87,222,731 |
| Останати средства | - | - | - | - | 52,142 | - | 52,142 |
| **Вкупно средства** | **-** | **-** | **-** | **-** | **90,718,881** | **-** | **90,718,881** |
| **ОБВРСКИ** | | | | | | | |
| Останати обврски | - | - | -- | - | 349,592 | - | 349,592 |
| **Вкупно обврски** | **-** | **-** | **-** | **-** | **349,592** | **-** | **349,592** |
| **Нето каматоносна позиција** | | | | | | | |
| **31 декември 2025** | **-** | **-** | **-** | **-** | **90,369,289** | **-** | **90,369,289** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2025**

## 5 ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)

### 5.5 Управување со каматниот ризик (продолжение)

Табелата подолу ги сумира каматоносните и некаматоносните средства и обврски со состојба на 31 декември 2024 година.

Во денари

| | До 3 месеци | Од 3 до 12 месеци | Од 1 до 5 години | Над 5 години | Некама-тоносни | Фиксни каматни стапки | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | | | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | - | - | - | - | 1,966,040 | - | 1,966,040 |
| Финансиски средства по објективна вредност преку добивка или загуба | - | - | - | - | 38,838,482 | - | 38,838,482 |
| Останати средства | - | - | - | - | 18,567 | - | 18,567 |
| **Вкупно средства** | - | - | - | - | 40,823,090 | - | 40,823,090 |
| **ОБВРСКИ** | | | | | | | |
| Останати обврски | - | - | - | - | 889,804 | - | 889,804 |
| **Вкупно обврски** | **-** | **-** | **-** | **-** | **889,804** | **-** | **889,804** |
| **Нето каматоносна позиција** | | | | | | | |
| **31 декември 2024** | **-** | **-** | **-** | **-** | **39,933,285** | **-** | **39,933,286** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2025**

## 5. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)

### 5.6. Управување со кредитниот ризик

Кредитниот ризик се однесува на ризикот од неисполнување на договорените обврски од страна на деловните партнери, што би резултирало со финансиски загуби за Фондот. Кредитниот ризик се јавува кај должничките хартии од вредност, парите и паричните еквиваленти и останатите побарувања на Фондот.

Друштвото ќе се залага за намалување на овој ризик преку инвестирање во финансиски инструменти согласно ограничувањата предвидени во Законот и Проспектот, анализа на издавачите, како и анализа на целокупните економски и политички услови.

*Парични средства и парични еквиваленти*

На 31 декември 2025 година парите и паричните еквиваленти претставуваат 3.80% од вредноста на имотот на Фондот, и истите претставуваат пари на сметка во депозитарната банка на фондот.

*Вложувања во хартии од вредност*

Вложувањата во хартии од вредност претставуват 96.15% од вредноста на имотот на Фондот на 31 декември 2025 година.

*Побарувања*

Побарувањата претставуват 0.06% од вредноста на имотот на Фондот на 31 декември 2025 година.

## 5 ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)

### 5.7 Управување со ликвидоносниот ризик

Табелата подолу ги анализира средствата и обврските на Фондот според соодветните групи на доспевање врз основа на преостанатиот период на доспевање сметано од крајот на периодот на известување до договорениот датум на доспевање.

**Во денари**
**31 декември 2025**

| | До 3 месеци | Од 3 до 12 месеци | Од 1 до 5 години | Над 5 години | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 3,444,008 | - | - | - | 3,444,008 |
| Финансиски средства по објективна вредност преку добивка или загуба | 87,222,731 | - | - | - | 87,222,731 |
| Останати средства | 52,142 | - | - | - | 52,142 |
| **Вкупно средства** | **90,718,881** | **-** | **-** | **-** | **90,718,881** |
| **ОБВРСКИ** | | | | | |
| Останати обврски | 349,592 | - | - | - | 349,592 |
| **Вкупно обврски** | **349,592** | **-** | **-** | **-** | **349,592** |
| **Нето ликвидна позиција:** | | | | | |
| **31 декември 2025** | **90,369,289** | **-** | **-** | **-** | **90,369,289** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2025**

## 5 ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)

### 5.7 Управување со ликвидоносниот ризик (продолжение)

**Во денари**
**31 декември 2024**

| | До 3 месеци | Од 3 до 12 месеци | Од 1 до 5 години | Над 5 години | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 1,966,040 | - | - | - | 1,966,040 |
| Финансиски средства по објективна вредност преку добивка или загуба | 38,838,482 | - | - | - | 38,838,482 |
| Останати средства | 18,567 | - | - | - | 18,567 |
| **Вкупно средства** | **40,823,089** | **-** | **-** | **-** | **40,823,089** |
| **ОБВРСКИ** | | | | | |
| Останати обврски | 889,804 | - | - | - | 889,804 |
| **Вкупно обврски** | 889,804 | - | - | - | 889,804 |
| **Нето ликвидна позиција:** | | | | | |
| **31 декември 2024** | **39,933,285** | **-** | **-** | **-** | **39,933,285** |

### 5.8 Ризик од промена на даночни прописи

Ризикот од промена на даночните прописи претставува веројатност дека законодавната власт во Република Северна Македонија или во странство, ќе ги промени даночните прописи на начин кој негативно би влијаел на приносот на Фондот. Ризикот од промена на даночните прописи во целост е надвор од доменот на влијание на Друштвото за управување со фондот.

### 5.9 Политички ризик

Можноста од евентуални политички кризи во земјите во коишто инвестирал Фондот согласно стратегијата за инвестирање, може да доведе до промена на имотот на Фондот. За да се заштити од овој ризик Друштвото за управување со Фондот го инвестира имотот на Фондот на начин што ќе овозможи што помало изложување на пазарите на кои може да се очекува политичките кризи да имаат поголемо влијание.

### 5.10 Објективна вредност на финансиските инструменти

Објективната вредност на финансиските средства и финансиските обврски е одредена на следниот начин:

- објективната вредност на финансиските средства и финансиските обврски со стандардни услови, со кои се тргува на активните ликвидни пазари, се одредува врз основа на котираните пазарни цени;
- објективната вредност на останатите финансиски средства и обврски се одредува во согласност со општо прифатените модели на вреднување кои се базираат на анализа на готовинските текови, со користење на цени од објавените тековни пазарни трансакции и понудени цени од деловните партнери за слични инструменти.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2025**

## 5. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)

### 5.10 Објективна вредност на финансиските инструменти (продолжение)

*а) Сметководствена вредност во споредба со објективна вредност*

Сметководствената вредност во споредба со објективната вредност за периодот што завршува на 31 декември 2025 е како што следува:

**Во денари**

| | **31 декември 2025** | | **31 декември 2024** | |
|---|---|---|---|---|
| | **Сметковод. вредност** | **Објективна вредност** | **Сметковод. вредност** | **Објективна вредност** |
| **Финансиски средства** | | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 3,444,008 | 3,444,008 | 1,966,040 | 1,966,040 |
| Финансиски средства по објективна вредност преку добивка или загуба | 87,222,731 | 87,222,731 | 38,838,482 | 38,838,482 |
| Побарувања по основ на дивиденда, парични депозити и отплата на обврзници | 52,142 | 52,142 | 18,567 | 18,567 |
| | **90,718,881** | **90,718,881** | **40,823,090** | **40,823,090** |
| **Финансиски обврски** | | | | |
| Останати обврски | 349,592 | 349,592 | 889,803 | 889,803 |
| | **349,592** | **349,592** | **889,803** | **889,803** |

*б) Претпоставки користени при одредувањето на објективната вредност на финансиските средства и финансиските обврски*

За одредувањето на објективната вредност на финансиските инструменти кои имаат котирани цени на активни пазари, користени се цените на тие финансиски инструменти на последниот ден на тргување.

За одредувањето на објективната вредност на финансиските инструменти кои немаат активно тргување на секундарните пазари на капитал, користена е техниката на дисконтирани парични текови. При ваквата техника на вреднување се користат каматните стапки за финансиски инструменти со слични карактеристики, со цел да се добијат релевантни проценки на цените од тековните пазарни трансакции. Врз основа на извршеното вреднување утврдено е дека не постои значајно отстапување на нивната сметководствена вредност во однос на нивната објективна вредност.

*в) Нивоа на објективна вредност на финансиски инструменти, мерени по објективна вредност*

*Хиерархија на објективната вредност*

Друштвото ги класификува сите финансиски средства и финансиски обврски мерени по објективна вредност, со користење на хиерархија на објективна вредност, којашто ја рефлектира значајноста на инпутите користени во одредувањето на објективната вредност.

Хиерархијата на објективната вредност ги опфаќа следниве нивоа:

Ниво 1 - Објективната вредност е утврдена со директна примена/повикување на котирана пазарна цена на финансиските инструменти на активен пазар;

Ниво 2 - Објективната вредност е утврдена со примена на техники за вреднување коишто содржат инпути од активни пазари, кои што можат да бидат директни, односно цени, или индиректни, односно извлечени од цени;

Ниво 3 - Објективната вредност е утврдена со примена на техники за вреднување коишто содржат инпути коишто не можат директно или индиректно да се следат на активните пазари, односно не се видливи.

## 5 ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)

### 5.10 Објективна вредност на финансиските инструменти (продолжение)

*в) Нивоа на објективна вредност на финансиски инструменти, мерени по објективна вредност (продолжение)*

Во периодот немаше трансфери помеѓу нивоата на објективна вредност.

Следната табела прикажува анализа на финасиските инструменти кои по иницијалното признавање се вреднувани по објективна вредност, групирани од Ниво 1 до Ниво 3, врз основа на степенот до кој објективната вредност може да биде се следи, односно да биде видлива.

**Во денари**
**31 декември 2025**

| | Објективна вредност | Ниво 1 | Ниво 2 | Ниво 3 |
|---|---|---|---|---|
| **Средства мерени според објективната вредност** | | | | |
| Финансиски средства по објективна вредност преку добивка или загуба | 87,222,731 | 87,222,731 | - | - |
| | 87,222,731 | 87,222,731 | - | - |

**Во денари**
**31 декември 2024**

| | Објективна вредност | Ниво 1 | Ниво 2 | Ниво 3 |
|---|---|---|---|---|
| **Средства мерени според објективната вредност** | | | | |
| Финансиски средства по објективна вредност преку добивка или загуба | 38,838,482 | 38,838,482 | - | - |
| | 38,838,482 | 38,838,482 | - | - |

### 5.10 Оперативен ризик

Екстерните оперативни ризици се управуваат преку соодветни системи на работа и комуникација воспоставени со останатите учесници во оперативната реализцаија на целокупниот процес: Комисијата за хартии од вредност, Комерцијална банка АД, Скопје – депозитарната банка, избраните брокерски куќи и банките.

Интерните оперативни ризици се концентрирани во процесот на донесување и реализација на инвестиционите одлуки, почитувањето на интерните политики, процедури и упатства и функционирањето на информациониот систем.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2025**

## 6 ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ТРАНСАКЦИИ

Финансиски извештаи на 31 декември 2025 година се подготвени врз основа на претпоставката дека Фондот ќе продолжи да работи според принципот на континуитет и дека истото ќе продолжи со својата работа во предвидлива иднина.

Во 2026 година макроекономската слика и понатаму останува обележана со висока неизвесност: иако меѓународните институции сè уште очекуваат солиден, но умерен глобален раст, пазарите се соочуваат со нов бран ризици поврзани со геополитичките тензии на Блискиот Исток, нарушувањата во енергетските текови и можниот притисок врз инфлацијата. ММФ во јануари проектираше глобален раст од околу 3,3% во 2026 година, но истовремено предупредува дека различните регионални движења и политичките ризици ќе останат клучен фактор за инвеститорите, додека ЕЦБ оценува дека инфлацијата во еврозоната е поблиску до целта, но дека најновиот раст на цените на енергенсите поради тензиите со Иран повторно ја прави инфлаторната патека понеизвесна. Во моментот на издавање на овие финансиски извештаи е тешко да се процени понатамошното влијание врз работењето на Фондот. Затоа, Фондот изврши проценка дека ќе биде способно да го продолжи своето работење според принципот на континуитет. До датумот на ревидираните финансиски извештаи, Фондот продолжува да ги исполнува своите обврски како што доспеваат.

Фондот ќе ги презема сите неопходни активности за прилагодување кон новонастанатите состојби, при што и во следниот период ќе биде фокусирано на одржување на квалитетот на производите и изнаоѓање флексибилни решенија на барањата на клиентите, ефикасно управување со трошоците, унапредување на доброто корпоративно управување и на практиките за одржлив развој.

## 7 ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

**Во денари**

| | **31 декември 2025** | **31 декември 2024** |
|---|---:|---:|
| Денарска сметка | 2,988,622 | 1,597,431 |
| Девизна сметка во ЕУР | 10,371 | 368,609 |
| Девизна сметка во УСД | 444,741 | - |
| Девизна сметка во УСД | 274 | - |
| | 3,444,008 | 1,966,040 |

## 8 ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПО ОБЈЕКТИВНА ВРЕДНОСТ ПРЕКУ ДОБИВКА ИЛИ ЗАГУБА

**Во денари**

| | **31 декември 2025** | **31 декември 2024** |
|---|---:|---:|
| Хартии од вредност издадени од странски издавачи кои котираат на официјалниот пазар на берзите во странство | 87,222,731 | 38,838,482 |
| | **87,222,731** | **38,838,482** |

## 9 ПОБАРУВАЊА ПО ОСНОВ НА ДИВИДЕНДА, ПАРИЧНИ ДЕПОЗИТИ И ОТПЛАТА НА ОБВРЗНИЦИ

**Во денари**

| | **31 декември 2025** | **31 декември 2024** |
|---|---:|---:|
| Побарувања по основ на дивиденди, парични депозити и отплата на обврзници | 52,142 | 18,567 |
| | 52,142 | 18,567 |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2025**

## 10 ОБВРСКИ КОН ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ФОНДОВИ

| | 31 декември 2025 | Во денари 31 декември 2024 |
|---|---|---|
| Обврски спрема Друштвото за управување за надомест за управување со Фондот | 151,863 | 59,615 |
| Обврски спрема Друштвото за управување за влезна провизија | 107,397 | 401,037 |
| | 259,260 | 460,652 |

## 11 ПРИХОДИ ОД ДИВИДЕНДА

| | 31 декември 2025 | Во денари 31 декември 2024 |
|---|---|---|
| Приходи од дивиденда | 1,018,521 | 77,334 |
| | 1,018,521 | 77,334 |

## 12 ПОЗИТИВНИ / (НЕГАТИВНИ) КУРСНИ РАЗЛИКИ ОД МОНЕТАРНИ ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ (СО ИСКЛУЧОК НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ)

| | 31 декември 2025 | Во денари 31 декември 2024 |
|---|---|---|
| *Позитивни курсни разлики од монетарни финансиски инструменти (со исклучок на хартии од вредност), од:* | | |
| Побарувања од продажби од хартии од вредност | 1,574 | - |
| Обврски за купување на хартии од вредност | 208,567 | 33,174 |
| Парични средства | 81,432 | 6,402 |
| Пресметана камата | 166 | 1,103 |
| Побарувања за дивиденди | 11,450 | 1,314 |
| Останато | 452 | 13 |
| | 303,640 | 42,006 |
| *Негативни курсни разлики од монетарни финансиски инструменти (со исклучок на хартии од вредност), од:* | | |
| Побарувања од продажби од хартии од вредност | (25,549) | - |
| Обврски за купување на хартии од вредност | (40,055) | (54,369) |
| Парични средства | (72,316) | (9,414) |
| Реализирани негативни курсни разлики | (531,830) | - |
| Побарувања за дивиденди | (16,757) | (1,043) |
| Останато | (622) | (252) |
| | (687,129) | (65,078) |
| Нето курсни разлики од монетарни финансиски инструменти (со исклучок на хартии од вредност) | (383,489) | (23,072) |

## 13 РАСХОДИ ОД ОДНОСИТЕ СО ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ

Расходите од односите со Друштвото за управување со Фондот во износ од 1,559,870 денари за периодот што завршува на 31 декември 2025 година (170,612 денари со 31 декември 2024), во целост се однесуваат на управувачкиот надоместок кој Фондот го плаќа на Друштвото за управување со Фондот. Друштвото наплатува надоместок за управување во висина од 2,00% годишно од вкупната вредност на имотот на фондот намалена за износот на обврските на фондот врз основа на вложувањата во финансиски инструменти и истиот во целост му припаѓа на Друштвото. Друштвото го наплатува надоместокот за управување еднаш месечно, како збир на сите дневни вредности на надоместок за месецот на кој што се однесува пресметката.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2025**

## 14 НАДОМЕСТОК НА ДЕПОЗИТАРНАТА БАНКА

Надоместокот на депозитарната банка во износ од 163,785 денари за периодот што завршува на 31 декември 2025 година, во целост се однесуваат на надоместоци платени на депозитарната банка – Комерцијална банка АД, Скопје, врз основа на Договорот за вршење на активности на депозитарна банка за инвестициски фондови.

## 15 ОСТАНАТИ ДОЗВОЛЕНИ ТРОШОЦИ НА ФОНДОТ

| | 31 декември 2025 | Во денари<br>31 декември 2024 |
|---|---|---|
| Трошоци кон Комисијата за Хартии од Вредност | 93,124 | 9,982 |
| Расходи за усогласувања на побарувања и обврски | 7 | 2 |
| Останати расходи | 344,421 | 1,123,919 |
| | 437,552 | 1,133,903 |

## 16 НЕРЕАЛИЗИРАНИ ДОБИВКИ / (ЗАГУБИ) НА ВЛОЖУВАЊАТА ВО ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ

| | 31 декември 2025 | Во денари<br>31 декември 2024 |
|---|---|---|
| *Нереализирани добивки од вложувања во финансиски инструменти:* | | |
| Државни обврзници класифицирани како финансиски средства по објективна вредност преку добивка или загуба | 138,108,079 | 13,773,077 |
| | 138,108,079 | 13,773,077 |
| *Нереализирани загуби од вложувања во финансиски инструменти:* | | |
| Државни обврзници класифицирани како финансиски средства по објективна вредност преку добивка или загуба | (128,575,119) | (14,059,658) |
| | (128,575,119) | (14,059,658) |
| Нето нереализирани добивки на вложувања во финансиски инструменти | 9,532,960 | (286,581) |

## 17 НЕТО КУРСНИ РАЗЛИКИ ОД ВЛОЖУВАЊА ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

| | 31 декември 2025 | Во денари<br>31 декември 2024 |
|---|---|---|
| *Позитивни курсни разлики од вложувања во хартии од вредност, од:* | | |
| Редовни акции класифицирани како финансиски средства по објективна вредност преку добивка или загуба | 21,324,559 | 1,910,619 |
| | 21,324,559 | 1,910,619 |
| *Негативни курсни разлики од вложувања во хартии од вредност, од:* | | |
| Редовни акции класифицирани како финансиски средства по објективна вредност преку добивка или загуба | (27,830,975) | (3,051,017) |
| | (27,830,975) | (3,051,017) |
| Нето курсни разлики од вложувања во хартии од вредност | (6,506,416) | (1,140,398) |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2025**

## 18 ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ

Во согласност со Законот за Инвестициски фондови, поврзани лица со инвестицискиот фонд се друштвото за управување со инвестициски фондови, депозитарната банка, адвокат, ревизор и даночен советник кои имаат договорен однос за давање на услуги на инвестицискиот фонд и друго лице кое склучило договор за давање на услуги за потребите на фондот. Значајните салда и трансакции со поврзаните субјекти се прикажани како што следува:

| | 31 декември 2025 | Во денари<br>31 декември 2024 |
|---|---|---|
| **Обврски:** | | |
| ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД, Скопје | 259,259 | 59,615 |
| Комерцијална банка АД, Скопје | 15,946 | 6,242 |
| ФОРВИС МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје | 65,308 | 28,852 |
| | 340,513 | 94,709 |

| | 31 декември 2025 | Во денари<br>31 декември 2024 |
|---|---|---|
| **Расходи за управување со Фондот:** | | |
| ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД, Скопје | 1,559,870 | 170,612 |
| | 1,559,870 | 170,612 |
| **Надомест на депозитарна банка:** | | |
| Комерцијална банка АД, Скопје | 163,785 | 92,719 |
| | 163,785 | 92,719 |
| **Расходи за ревизија:** | | |
| ФОРВИС МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје | 65,403 | 50,794 |
| | 65,403 | 50,794 |

## 19 ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ

Официјалните девизни курсеви користени при искажувањето на позициите во билансот на состојба на Фондот деноминирани во странска валута се следните:

| | 31 декември 2025 | 31 декември 2024 |
|---|---|---|
| 1 ЕУР | 61.4950 | 61.4950 |
| 1 УСД | 52.3050 | 58.8807 |
| 1 ЦХФ | 66.1735 | 65.1775 |

## ПРИЛОЗИ

**ДОДАТОК – Извештај за работа на ЕТИКС АКЦИИ во 2025 година**

**ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД СКОПЈЕ**

# Извештај за работа на
# ВФП Етикс Акции во 2025 година

**Скопје,  Март 2026 година**

**Вовед**

Овој извештај е изготвен согласно член 114, точка 2 од Законот за инвестициски фондови (Сл. Весник бр.12/2009; 67/2010; 24/2011; 188/2013; 145/2015, 23/2016 и 31/2020) и претставува составен дел на Ревидираниот Годишен извештај на Отворениот Инвестициски фонд ВФП Етикс Акции.

а) Највисока и најниска вредност на имотот на отворениот фонд и цена по удел во фондот од тековниот период за изминатите пет календарски години

| Р.Б. | Позиција | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|
| | **ВРЕДНОСТ НА НЕТО ИМОТОТ НА ФОНДОТ** | | |
| 1 | Највисока вредност на имотот | 40.892.453,49 | 90.886.331,64 |
| 2 | Најниска вредност на имотот | 11.997.923,41 | 40.102.508,61 |
| | **ЦЕНА НА УДЕЛ** | | |
| 3 | Највисока цена по удел | 106,3262 | 108,7693 |
| 4 | Најниска цена по удел | 96,0528 | 84,8052 |

б) Извештај на органот на управување со образложение за постигнатиот деловен резултат на отворениот фонд, промена во портфолиото и планираната стратегија на вложувања во наредниот период.

Изложеноста на имотот во акции на 31.12.2025 година изнесува 96,15%. Најголем дел од портфолиото беше составено од акции на компании од САД 76,32%, потоа Швајцарија 5,94%, а останатиот дел отпаѓа на компании од европскиот континент. Согласно стратегијата се настојуваше во секое време порфолиото да биде максимално изложено на акции. Процесот на креирање на портфолио на хартии од вредност исклучува сектори и активности кои се во согласност со шеријатските принципи, односно, во изборот на компании, се исклучуваат компаниите кои повеќе од 5% од нивните вкупни приходи се од алкохол, производи од свинско месо, тутун, коцкање, порнографија, конвенционални финансиски услуги, тргување со злато и сребро на одложена готовинска основа.

Првиот квартал од 2025 година беше обележан со значајни флуктуации на американските берзи, под влијание на дискусиите за воведување обемни трговски царини, промените во потрошувачката доверба и појавата на кинескиот AI модел DeepSeek, кој предизвика преиспитување на доминацијата на американските технолошки компании.

Во вакви услови, Федералните резерви ја ревидираа својата прогноза, намалувајќи го очекуваниот економски раст за 2025 година на 1,7%, додека проекцијата за инфлација ја зголемија на 2,7%. Каматните стапки останаа непроменети во распон од 4,25% до 4,50%, при што беше нагласен внимателен пристап поради потенцијалниот инфлаторен ефект од царините. Инфлацијата во март се намали на 2,4%, но нестабилноста на пазарите продолжи поради стравувањата од рецесија и притисокот врз технолошките акции.

Во вториот квартал американскиот пазар на акции се соочи со зголемена волатилност поради политичката неизвесност, но истовремено покажа отпорност. Растот беше предводен од секторите информатичка технологија и комуникациски услуги, поддржан од силни корпоративни резултати и континуираниот интерес за компаниите поврзани со вештачка интелигенција.
Сепак, здравствениот и енергетскиот сектор заостануваа, при што здравството беше под притисок поради политиките за намалување на цените на лековите. И покрај падот на БДП од 0,5% во првиот квартал, основните економски показатели останаа стабилни. Инфлацијата повторно се зголеми и достигна 2,7% во јуни, делумно како резултат на трговските мерки, додека ФЕД ја задржа каматната стапка непроменета, сигнализирајќи внимателност во однос на понатамошните чекори.

Како показател за успешноста при управување со средствата на инвеститорите, следејќи ја инвестициската стратегија на Фондот – вложување исклучиво во компании со над 2 милијарди евра пазарна капитализација од развиени држави, при тоа бирајќи компании со солидни фундаменти кои се во согласност со шеријатските етички принципи и држење на истите на долг временски период со цел испорака на раст на нивните добивки – како репер за споредба на приносот на ВФП Етикс Акции го користиме iShares MSCI World Islamic UCITS ETF. За третиот квартал во 2025, ВФП Етикс Акции има раст од 4,91%, додека реперот оствари раст од 6,34%. Во третиот квартал, 80,32% од средствата на Фондот се изложени на акции во долари, потоа 13,94% е изложеност на акции во евра и останатиот дел од средства припаѓа на други валути како швајцарски франци и дански круни, сè со цел дисперзија на средствата на инвеститорите и заштита од валутни ризици кои се јавуваат кога се вложува во финансиски инструменти со странски валути.

Американскиот пазар на капитал го заокружи четвртиот квартал од 2025 година со силни приноси, потврдувајќи ја позитивната динамика и покрај предизвиците како привремената блокада на владата и зголемените отпуштања во одредени индустрии. Растот и понатаму беше предводен од секторите информатичка технологија и комуникациски услуги, иако се забележаа знаци на пошироко учество и од останатите сектори.

Инфлацијата во декември остана стабилна на 2,7%, додека базичната инфлација се задржа на 2,6%, што претставува најниско ниво во последните неколку години. Федералните резерви во декември повторно ја намалија референтната каматна стапка за 25 базични поени, на опсег од 3,5%–3,75%, при што истовремено беа ревидирани нагоре и очекувањата за економски раст.

Позитивниот пазарен сентимент дополнително беше поддржан од пофлексибилниот пристап на администрацијата на Трамп во однос на трговските политики и царините, што придонесе за намалување на неизвесноста кај инвеститорите.

Сите овие настани се одразија врз цената на уделот на ВФП Етикс Акции, кој во текот на 2025 година бележеше 2,22% годишен принос.

в) Преглед на работењето во изминатата календарска година (од основање) со прикажување на следниве податоци:

- вкупна нето вредност на имотот од портфолиото,
- нето вредност на имотот на отворениот фонд по удели,
- показатели за вкупните трошоци и
- распределба на приходите, односно добивката исплатена по удел во тековната година.

| Р.Б. | Позиција | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|
| 1 | **ВКУПНА НЕТО ВРЕДНОСТ НА ИМОТОТ ОД ПОРТФОЛИОТО** | 39.933.285,80 | 90.369.289,42 |
| 2 | **НЕТО ВРЕДНОСТ НА ИМОТОТ ПО УДЕЛИ** | 102,0919 | 104,3626 |
| | **Дополнителни показатели и податоци** | | |
| 3 | Добивка/загуба во тековната година | 421.741 | 2.011.876,64 |
| 4 | Однос на трошоците и просечната нето вредност на имотот | 0,90% | 2,09% |
| 5 | Однос на нето добивката од вложувањата и просечната нето вредност на имотот | -1,75% | -1,31% |
| 6 | Принос на фондот | 2,09% | 2,22% |

**Извршни директори**

**Петар Андреевски / Андријана Поповска**

Andrijana Popovska

Digitally signed by Andrijana Popovska
Date: 2026.04.28 12:23:32 +02'00'

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА ИЛИ ИЗВЕШТАЈ ЗА НЕТО ИМОТОТ НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД НА ДЕН 31.12.2025 ГОДИНА

## ВФП Етикс Акции (900000000261)

| Позиција | 31.12.2024 | 31.12.2025 |
|---|---|---|
| Финансиски средства | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 1.966.040,02 | 3.444.008,31 |
| **Вложување во хартии од вредност и депозити** | **38.838.482,38** | **87.222.731,22** |
| финансиски средства кои се чуваат за тргување | 38.838.482,38 | 87.222.731,22 |
| финасиски средства расположиви за продажба | 0,00 | 0,00 |
| заеми и побарувања | 0,00 | 0,00 |
| вложувања кои се чуваат до доспевање | 0,00 | 0,00 |
| ОСТАНАТИ СРЕДСТВА | | |
| Побарувања по основ на продажба на хартии од вредност и останати побарувања | 0,00 | 0,00 |
| Побарувања по основ на дивиденди, парични депозити и отплата на обврзници | 18.567,44 | 52.141,81 |
| Побарувања по основ на дадени аванси | 0,00 | 0,00 |
| Побарувања од друштвото за управување | 0,00 | 0,00 |
| Побарувања од депозитарната банка | 0,00 | 0,00 |
| Останати побарувања од фондот | 0,00 | 0,00 |
| Побарувања по основ на камата и останати средства | 0,01 | 0,01 |
| **Вкупено средства** | **40.823.089,85** | **90.718.881,35** |
| **Вонбилансна евиденција актива** | **0,00** | **0,00** |
| ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ | | |
| Обврски по основ на вложувања во хартии од вредност и останати обврски | 368.609,02 | 0,00 |
| Обврски по основ на вложувања во пласмани, депозити, репо договори и гарантни депозити | 0,00 | 0,00 |
| ОСТАНАТИ ОБВРСКИ | | |
| Обврски кон друштвото за управување со фондови | 460.652,01 | 259.259,15 |
| Обврски кон депозитарната банка | 6.242,49 | 15.945,65 |
| Обврски по основ на дозволени трошоци на фондот | 54.300,50 | 74.387,09 |
| Обврски по основ на исплата на имателите на удели | 0,00 | 0,00 |
| Останати обврски | 0,02 | 0,05 |
| Обврски по основ на пресметана камата | 0,00 | 0,00 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **889.804,04** | **349.591,94** |

**Време на извршување 3.2.2026.  9:27:28**

| Позиција | 31.12.2024 | 31.12.2025 |
|---|---|---|
| **Нето имот на фондот** | **39.933.285,81** | **90.369.289,41** |
| Број на издадени удели | 391.150,3061 | 865.916,5393 |
| **Нето имот по удел** | **102,0919** | **104,3626** |
| Издадени удели на инвестицискиот фонд | 39.511.545,08 | 95.061.235,09 |
| Повлечени удели на инвестицискиот фонд | 0,00 | -7.125.563,03 |
| Добивка/загуба во тековната финансиска година | 421.740,72 | 2.011.876,63 |
| Задржана добивка /загуба од претходните периоди | 0,00 | 421.740,72 |
| Ревалоризација на финансискиот имот расположив за продажба | 0,00 | 0,00 |
| Ревалоризациски резерви на инструментите за заштита | 0,00 | 0,00 |
| **Вкупно обврски спрема изворите на средства** | **39.933.285,80** | **90.369.289,41** |
